02-415/1-7/
26.02 18

# И З В Е Ш Т АЈ

**за извршен преглед на Годишна сметка и Извештајот за работењето на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево за деловната 2017 година**

На седницата одржана на 26.02.2018 година Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица„ Кичево ги разгледа Годишната сметка бр.01-374/1 од 19.02.2018 година и Извештајот бр.01-372/1 од 19.02.2018 година за работењето на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево за деловната 2017 година (01.01.-31.12.).

На седницата беа презентирани и елаборирани основните финансиски извештаи согласно Законот за трговски друштва, материјално финансиски Извештај за работењето во деловната 2017 година, биланс на состојба и биланс на успех.

Врз основа на разгледувањето на материјално финансиските извештаи, Надзорниот одбор ја констатира следната состојба :

1)Со биланс на состојба на 31.12.2017 година :
Вкупна актива за 2017 година ______________385.041.412,00 денари
Нето вредност на капиталот за 2017 година ___ 381.633.546,00 денари
(актива минус долгорочни и краткорочни обврски)

2)Со биланс на успех на 31.12.2017 година :
Вкупно приходи ____________________________47.970.978,00 денари
Вкупно расходи ____________________________ 67.991.879,00 денари
Остварена загуба во работењето _____________ 20.020.901,00 денари

3.Вкупни побарувања заклучно со 31.12.2017 година изнесуваат 119.656.980,00 денари.

3.1.Пренесен дел од минати години на вкупни побарувања изнесува 133.103.677,50 денари.

3.2.Тековни побарувања од купувачи за 2017 година _35.117.226,00 денари

3.3.Вкупните ненаплатени побарувања од продажба на вода во износ од 77.670.859,00 денари и се однесуваат на ЈКП корисници и АД ЕЛЕМ Скопје (РЕК Осломеј Кичево).

3.4. Покрај наведените побарувања, Јавното претпријатие има краткорочни побарувања по основ даден депозит во банка на износ од 40.000.000,00 денари.

3.5. Во вкупните побарувања од купувачи значителен дел заземаат и побарувањата од продажба на електрична енергија произведена од МХЕ Добреноец кон АД МЕПСО Скопје, во износ од 1.876.344,00 денари.

4.Во 2017 година од купувачи вкупно наплатени ________48.661.772,00 денари.

Делот кој припаѓа на ЈКП корисници изнесува 38.568.112,00 денари, што претставува 79,26%. Останатиот дел од 10.093.660,00 денари , што претставува 20,74% припаѓа на наплатени побарувања од АД ЕЛЕМ Скопје (РЕК Осломеј Кичево).

5.Според Биланс на состојба заклучно со 31.12.2017 година ,тековни обврски 139.845,00 денари.

6. Вкупните приходи остварени во 2017 година изнесуваат 47.970.978,00 денари и во однос на планираните во 2017 година (57.334.974,48 денари) се намалени поради нереализирани приходи од АД ЕЛЕМ-РЕК Осломеј Кичево, кој и оваа година е вон погон подолг период од годината, како неостварени приходи од ЈКП корисници на вода

и приход од продажба на ел.енергија од МХЕДобреноец, поради намалена издашност на изворот, а се реализирани со 84% од вкупно планираните.

7. Вкупните трошоци во 2017 година изнесуваат 67.991.879,00 денари и нивната реализација е 119% од рамката планирана за 2017 година.

8.Врз основа на показателите на состобата на јавното претпријатие за деловната 2017 година изведени од контата-сметки со методот на релативни финансиски показтели заклучно со 31.12.2017 година, добиени се следните показатели :

- финансиска стабилност : 104.3146%
-степен на самофинансирање : 48.188,42%
-степен на задолженост : 0.892968%
-степен на кредитна способност:184.7754%

Ликвидност:

Моментална: 755,17%
Тековна: 4268.333%
општа: 4287.984%

Економичност:70.55398%

Рентабилност:

-коефициент на врзување на побарувањата: 909.6068 дена.
-коефициент на плаќање: 18.2944 дена.

Потребно е да се истакне дека во поглед на финансирањето на своите активности во 2017 година, јавното претпријатие како и во предходните години исклучиво се потпира на сопствени финансиски средства и во досегашното работење нема користено банкарски кредити.

9.Надзорниот одбор смета дека Годишната сметка за 2017 година е изготвена согласно Законот за трговски друштва, Закон за исплата на плати, Закон за додадена вредност, Закон за персонален данок на доход, Закон за јавните претпријатија, Закон за јавните набавки и други закони и подзаконски акти уредби, правилници, одлуки и др.) кои го уредуваат финансиското работење на јавното претпријатие. Во годишната сметка за 2017 година постои усогласеност меѓу одделни сметки од активата и пасивата и финансискиот резултат од работењето е реално прикажан.

Годишната сметка е резултат на Биланс на состојба на 31.12.2017 година и настанатите деловни промени во работењето во текот на годината во презентираните извештаи и прегледување на истите.

10.Основна карактеристика за финансиското работење на јавното претпријатие за 2017 година е остварен негативен финансиски резултат-загуба во работењето.

Причините за остварениот негативен финансиски резултат се :

1) Остварени а непланирани расходи во вкупен износ од 10.711.879,00 денари, со удел во загубата од 53,50%,

2) Намалени приходи во вкупен износ од 9.363.996,48 денари, со удел од 46,50 % во загубата од прични образложени во годишниот извешатај,

3) Отстапување во однос на расходните ставки кое се должи и на извршениот отпис на побарување во износ од 8.742.296,00 денари по основ камата кон ЈП Водовод и канализација Прилеп, по склучена спогодба бр.03-705/2 од 05.09.2007 година и бр. 03-1216/1 од 05.09.2007 година, согласно одлука бр. 02-1846/1-6/1 од 05.12.2017 година на Управен одбор на јавното претпријатие, со учество од 43,67% во вкупната загуба,

4) Исплата на вработените регрес за годишен одмор за 2014,15 и 2016 година во износ од 4.917.610,00 денари, трошоци за поведените судски постапки од вработените износ од  937.101,00 денари, и камата од 307.344,00 денари по пресуди во корист на вработените.

5) Нереализирани приходи од продажба на вода кон корисниците како последица на смалена издашност на изворот во оваа година во износ од 997.895,00 денари или 4% помалку од планираните,

6) Намалени приходи од МХЕ Добреноец во износ од 6.926.139,00 денари или 37,48% во однос на планираното како последица на смалена издашност на изворот во оваа година ,

7) Намален приход од РЕК Осломеј за 1.542.152,00 денари или 13,84% помалку од планираните од причини што е вон погон подолг период од планираниот во годината.

11.Во делот на капиталот и обврските во оваа деловна година забележително е намалување на капиталот на јавното претпријатие во однос на 2016 година за 6,85% поради остварена загуба во работењето на јавното претпријатие во тековната 2017 година од причини таксативно наведени во точка 10 на овој извештај.

12.Остварениот негативен финансиски резултат во деловната 2017 година нема влијание на финансиската стабилност, општата ликвидност и исполнување на обврските на јавното претпријатие.

Имено, јавното претпријатие и во деловната 2017 година предвид погореизнесените показатели е со финансиска стабилност од 104,31%, со висок степен на самофинансисрање од 48.188,42%, висока моментална ликвидност од 755,17%, при што исполнувањето на тековните обврски го врши за 18,29 дена, во законски и договорен рок.

13. Надзорниот одбор за контрола на материјано финансиското работење на јавното претпријатие ги разгледа Годишната сметка и Извештајот за работа на јавното претпријатие за 2017 година и по нив нема забелешки поради кое дава позитивно мислење по истите со предлог до Управниот одбор да ги усвои.

14.Овој извештај со мислење по годишна сметка и Извештајот за работењето на јавното претпријатие за 2017 година да се достават до Управниот одбор на јавното претпријатие, Министетрство за финансии,Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање и Владата на Република Македонија .

26.02.2018 година
Кичево

Претседател на Надзорен одбор за контрола на
материјално финансиско работење
на ЈП „Студенчица“ Кичево

Лирим Фејза